РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 05-779/14
30.06 20.23 год.
Василево

Друштво за проектирање и инженеринг
ЦЕНТАР ЗА ВОДНИ ТЕХНОЛОГИИ ДООЕЛ
Бр. 0507-027
30.06 2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

Склучен на ден ______________ година во Василево помеѓу:

## I. Договорни страни

1. Општина Василево - Василево, претставувана и застапувана од Градоначалникот Славе Андонов, (во понатамошниот текст како Нарачател) буџетски корисник 70901-40800-630-14, жиро сметка 1000000000630-95, депонент Народна Банка на РМ и
2. Друштво за проектирање и инџинеринг Центар за Водни Технологии Дооел Скопје ул.Никола Тесла бр.22/2-3 1000 Скопје, претставувана и застапувана од одговорното лице (во понатамошниот текст како Добавувач) Душко Станков, ЕДБ МК: 4080013538210, ЕМБС 6883249 жиро сметка: 380177384800173, депонент Прокредит Банка Скопје од друга страна.

## II. Предмет на договорот

**член 1**

Предмет на овој Договор е јавна набавка за реконструкција и надградување на филтер станица за прочистување на питка вода за потребите на општина Василево.

## III. Вредност на договорот

**член 2**

Единечната цена на услугата без ДДВ изнесува: **2,540,000 денари**.

ДДВ од завршената услуга е **457,200 денари**

Вкупната цена на набавката со пресметан ДДВ изнесува **2,997,200 денари**.

Вредноста на овој договор е искажана согласно вкупните цени на услугите/стоките кои општина Василево ќе ги набавува од носителот на набавката – добавувачот согласно понудата која е составен дел на постапката за предметната јавна набавка.

## IV. Времетраење на договорот

**член 3**

Договорот се склучува за временски период 6 месеци (заклучно 20,12,2023 година) сметано од денот на неговото склучување.

Во текот на извршувањето на договорот не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на избраниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на склучениот договор за јавна набавка.

## V. Динамика на испорака на услугата

**член 4**

Носителот на набавката е должен во рок што ќе биде даден од општина Василево материјалите да бидат изработени за испорака.

## VI.Обврска на добавувачот

**член 5**

Во случај на доцнење на испораката на предметот на договорот наведен во член 3 од овој договор од страна на добавувачот, нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

Договорната казна се определува во висина на 0,1% од вредноста на испорачаната стока за секоја започната недела од првите две недели, односно 0,5% за секоја следна недела задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на испорачаната стока.

## VII. Изготвување на фактурата

**член 6**

При изготвување на (ситуација или фактура), добавувачот е должен да ги наведе следните елементи: број на испратница (градежна книга) со која е доставен предметот на набавката или услигата, број и датум на Договорот, вкупна цена за исплата по фактурата (ситуација).

**VIII. Начин, услови и рокови на плаќање**

**член 7**

Начинот на плаќање е вирмански на жиро сметка на добавувачот во рок на плаќање од 30 (триесет) дена од денот на доставување на фактурата (ситуацијата) во архивата на општина Василево.

**IX. Виша сила**

**член 8**

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток,повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и се договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

**X. Обештетување**

**член 9**

Добавувачот е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на услугата од член 1 од овој договор, согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачите.

**XI. Решавање на спорови**

**член 10**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку не се дојде до прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд.

**XII. Раскинување на договорот**

**член 11**

Кога една од договорните страни нема да ја испони својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**XIII. Корупциско или измамничко однесување**

**член 12**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**XIV. Применлив закон**

**член 13**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Р.Македонија.

**XV.Завршни одредби**

**член 14**

Овој Договор е склучен во 5 (пет) истоветни примероци од кои по 3 (три) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот.

**Договорни страни:**

| **НАБАВУВАЧОТ** | **ДОБАВУВАЧОТ** |
|---|---|
| Општина Василево | ЦВТ Дооел Скопје |
| Градоначалник | Овластено лице |
| Славе Андонов | Душко Станков |